## Позначајни економски настани и промени во законодавната регулатива во мај 2003 година

- *Од 1 мај се пресметуваат* ***повисоки цени на услугите во фиксната телефонија*** *(пораст од 15% на импулсите во домашниот сообраќај).*

- *На 1 мај, во чест на меѓународниот празник на трудот, во* ***СИЛМАК од Јегуновце*** *(поранешен Југохром) официјално проработи најголемата печка за производство на феросилициум во рамките на овој комбинат. Рестартирањето на печката овозможува двојно производство на феросилициум во однос на досегашното производство од четирите печки што беа активирани по превземањето на комбинатот од страна на француско-германската корпорација.*

- *Во периодот од 5 до 14 мај во Република Македонија престојуваше редовната* ***мисија на ММФ****, со цел преглед на остварувањата во првиот квартал од 2003 година во рамки на Stand-by аранжманот, при што беа изнесени позитивни оценки.*

- *На 17 и 18 мај, во Скопје, се одржа годишното собрание на земјите членки на* ***Холандската конституенца*** *при Меѓународниот монетарен фонд и Светската банка.*

- *Од 20 мај беа намалени цените на нафтените деривати. Во согласност со ваквата одлука на Владата, објавена во Службен весник на РМ бр.34/2003, малопродажните цени се намалени за 12,65% (во просек за околу 5 денари по литар), а рафинериските цени (цените на производителите) околу 22% (треба да се напомене дека ефектот од ваквото намалување врз општото ниво на цени во земјата ќе дојде до израз во јуни, поради специфичноста на постапката за статистичко следење на цените).*

- *На 20 мај беа пуштени во погон* ***новите капацитети*** *за производство на пиво и безалкохолни пијалоци* ***на Скопската пиварница****. Инвестицијата изнесува 55 милиони евра и е направена исклучиво од сопствени извори на претпријатието. Инвестицијата опфаќа два производствени погона: првиот е за производство на пиво, согласно производствените технолошки стандарди на холандскиот Хајнекен; вториот е модерен погон на Кока Кола за производство на нови видови од производната програма на познатата мултинационална компанија.*

- ***Советот на Народна банка на Република Македонија*** *на својата 4-та седница, одржана на 21.05.2003 година, ги разгледа и усвои следните извештаи: Годишниот извештај на НБРМ за 2002 година, Извештајот за банкарската супервизија и банкарскиот систем на Република Македонија во 2002 година, Извештајот за ракувањето со девизните резерви на Република Македонија во 2002 година и Извештајот за работењето на Дирекцијата за внатрешна ревизија во 2002 година.*

- *Во мај единствената европска валута -* ***еврото ја достигна највисоката вредност во однос на американскиот долар*** *од нејзиното воведување (на 27 мај се разменуваа 1,1932 долари за едно евро). Како главни причини за ова се истакнуваат: зајакнатите економски перформанси на Германија, како најголема економија во евро-зоната; знаците за релаксирањето на традиционалната заложба на американската влада за цврст долар во обид да се интензивира извозно ориентирано закрепнување; поголема побарувачка за евра поради повисоката каматна стапка во евро-зоната (2,5%) во споредба со САД (1,25%).*

- *Во мај беше укината дозволата за работа на* ***МИТ штедилница ДОО Куманово*** *од страна на НБРМ, поради неисполнувањето на цензусот за висината на капиталот на штедилниците.*

- *По распишување на два меѓународни тендери, при крајот на мај текстилниот комбинат* ***Астибо од Штип*** *беше продаден на конзорциум од 9 познати штипски конфекции (за 1,7 милиони евра).*

# I. Економски движења во Република Македонија

## Основни индикатори за економските движења

| | месец | Износ | Тековен месец / претходен месец | Тековен месец / ист месец од претходна година | Период / ист период од претходна година |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | во % | |
| **Трошоци на животот** | V.2003 | - | 0,6 | 0,6 | 0,2 |
| **Цени на мало** | V.2003 | - | 0,8 | 2,2 | 2,1 |
| **Цени на производители на индустриски производи** | V.2003 | - | -0,3 | -0,9 | 0,6 |
| **Индустриско производство** | V.2003 | - | -6,5 | 12,5 | 4,3 |
| | | во денари | | | |
| **Номинална просечна нето плата** | IV.2003 | 11.777 | 2,0 | 9,4 | 7,1 |
| **Реална просечна нето плата** | IV.2003 | - | 0,6 | 9,0 | 7,0 |
| | | во милиони денари | | | |
| **Буџетски приходи** | V.2003 | 6.517 | 14,4 | 29,8 | -9,3 |
| **Буџетски расходи** | V.2003 | 5.322 | -10,2 | 9,6 | -8,5 |

Извор: Државен завод за статистика и Министерство за финансии.

## 1.1. Цени

***Во мај 2003 година трошоците на животот се зголемија за 0,6% во однос на претходниот месец...***

***...додека просечната стапка на инфлација се задржа минимална (0,2%)***

Во мај 2003 година, трошоците на животот, како мерка за стапката на инфлација, беа повисоки за 0,6% во однос на претходниот месец. Најголемо зголемување е регистрирано кај трошоците за сообраќајни средства и услуги од 2,5%, поради зголемените цени на ПТТ услугите за 10,1%. Месечен пораст остварија и трошоците за исхрана од 0,5% (поради зголемените цени на земјоделските производи), трошоците за хигиена и здравје од 0,4%, додека трошоците за облека и обувки и трошоците за домување се зголемија минимално за 0,1%. Структурно набљудувано, евидентен е повисокиот пораст на трошоците за услуги (2,0%) од порастот на трошоците за стоки (0,3%). На годишна основа, трошоците на животот се зголемија за 0,6%. Притоа, просечната стапка на инфлација за првите пет месеци од 2003 година во однос на истиот период од 2002 година и понатаму е ниска и изнесуваше 0,2%. Со тоа и покрај промените кај данокот на додадена вредност (во април) и зголемените цени на услугите, ценовната стабилност беше одржана, што е основна законска цел на монетарната политика.

Графикон 1
Трошоци на животот
(во %)




***Цените на мало во мај 2003 година беа зголемени за 0,8% во однос на претходниот месец***

Во мај 2003 година цените на мало беа повисоки за 0,8% во однос на претходниот масец. Порастот главно произлегува од зголемените цени на земјоделските производи за 6,3%, поради повисоките цени на зеленчукот за 12,6% (што претставува вообичаена сезонска динамика за оваа група на производи), рибата за 2,3% и овошјето за 0,3%. Структурно анализирано, цените на услугите остварија поинтензивен пораст (1,4%), што се должи на зголемените цени на ПТТ услугите, наспроти порастот на цените на стоките (0,4%). Притоа, годишната и просечната стапка на цените на мало изнесуваа 2,2% и 2,1%, соодветно. Порастот на цените на мало на годишна и кумулативна основа, главно се должи на зголемените цени на услугите (за 6,8% и 4,9%, соодветно).

Графикон 2
Цени на мало
(во %)




*Во мај 2003 година цените на производителите на индустриски производи беа намалени за 0,3% на месечна основа...*

Кај цените на производителите на индустриски производи во мај 2003 година е регистрирано месечно намалување од 0,3%, како одраз на намалените цени на производителите на нетрајни производи за широка потрошувачка и на производителите на интермедијарни производи (освен енергија), за 0,9% и 0,1%, соодветно. Кај останатите групи на производи, цените на производителите беа на нивото од претходниот месец. Набљудувано според сектори, намалување на цените е регистрирано само во преработувачката индустрија (за 0,4%), како одраз на падот на цените во прехранбената индустрија (за 1,3%), со оглед на непроменетоста на цените во останатите 18 гранки од преработувачката индустрија. Во останатите два сектора, цените на производителите беа непроменети во однос на претходниот месец.

Графикон 3
Цени на производителите на индустриски производи
(во %)




*...но кумулативно е остварена позитивна просечна стапка (0,6%)*

Во однос на истиот месец од претходната година, во мај 2003 година цените на производителите на индустриски производи беа пониски за 0,9%, додека во просек, тие беа повисоки за 0,6%. Просечната стапка на пораст на цените на производителите на индустриски производи во мај беше сé уште под влијание на зголемените цени на производителите на енергијата, поради повисоките цени на производителите на нафтените деривати, а анализирано од почетокот на годинава, таа бележи постепено опаѓање.